# ПРИЛОЗИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИК ПРАВОБРАНИТЕЛ И НЕГОВИ ЗАМЕНИЦИ

## ПРИЛОГ 1: ПОВИК ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИК ПРАВОБРАНИТЕЛ И ЗАМЕНИЦИ УЧЕНИЦИ ПРАВОБРАНИТЕЛИ

***ООУ „Григор Прличев“ објавува повик за избор на Ученик правобранител и Заменици ученици правобранители.***

***Ученикот Правобранител претставува ученик кој ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави на сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во/вон училиштето*** *(Училишен кадар и Народен правобранител).*

I УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Право на  пријавување за функцијата Ученик правобранител: **ученици/чки од 7 и 8 одделение.**

Право на  пријавување за функцијата заменик Ученик правобранител: **ученици/чки од 6, 7 и 8 одделение во основно училиште.**

II НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Документи за пријавување: **пријава и мотивационо писмо.**

Заинтересираните кандидати можат да подигнат **пријава** од **педагошко – психолошката служба** во училиштето. Истата, кандидатите потребно е да ја пополнат и достават до педагошко – психолошката служба.

Мотивационо писмо се доставува во слободна форма.

**Краен рок за поднесување на документите**: 26.09.2023 година (вторник)

III КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Селекција на пријавените кандидати и избор ќе врши **педагошко – психолошката служба** според следните критериуми:

- **пол,**
- **возраст,**
- **основно познавање на детски права,**
- **мотивација за пријавувањето,**
- **комуникациски и организациски способности,**
- **етничка припадност,**
- **претходно искуство односно вклученост во вон-наставни активности.**

IV РАБОТНИ ОБВРСКИ на Ученикот Правобранител и неговите заменици:

- **Учество на воведна обука за улогата и обврски на Ученикот правобранител, организирана од страна на педагошко – психолошката служба / Тимот за примена на Ресурсен Пакет**
- **Промовирање на правата на детето во училиштето преку едукативни – врснички работилници и информативни настани**
- **Прибирање на претставки – поплаки од учениците (препознавање на прекршување на детските права и обезбедување заштита за почитување на детските права)**
- **Редовна комуникација и координација со педагошко – психолошката служба**

**Мандатот на избраниот Ученик правобранител и замениците правобранители е 2 (две) учебни години.**

Скопје, 18.09.2023 година

**ПРИЛОГ 2: ПРИЈАВА ЗА УЧЕНИК ПРАВОБРАНИТЕЛ**

1. **Име и презиме: ________________________________________**

2. **Адреса на живеење: ____________________________________**

3. **Контакт телефон: ______________________________________**

4. **Е-маил: _______________________________________________**

5. **Датум на раѓање: ______________________________________**

6. **Пол: машко ☐ женско ☐**

7. **Одделение: VII ☐ VIII ☐**

8. **Националност:**

a. **Македонска ☐**
b. **Албанска ☐**
c. **Ромска ☐**
d. **Турска ☐**
e. **Српска ☐**
f. **Друго ☐, наведи: ___________________________________**

9. **Дали претходно си учествувал/а во активности поврзани со промовирање или заштита на детски права?**

**Да ☐ Не ☐**

**Доколку си учествувал/а, наведи ги активностите:**

____________________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________________

10. **Дали си запознат/а со Конвенцијата за правата на детето?**

**Да ☐ Не ☐**

11. **Дали си бил/а вклучен во некои активности во рамките на училишната организација / вон-наставни активности?**

**Да ☐ Не ☐**

**Доколку да, наведи:**

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

**Пријавата заедно со мотивационо писмо доставете ја во педагошко-психолошката служба!**

**Краен рок за пријавување**

**26.09.2023 година.**

**ПРИЈАВА ЗА ЗАМЕНИК УЧЕНИК ПРАВОБРАНИТЕЛ**

1. **Име и презиме: ___________________________________________**

2. **Адреса на живеење: _______________________________________**

3. **Контакт телефон: __________________________________________**

4. **Е-маил: __________________________________________________**

5. **Датум на раѓање: __________________________________________**

6. **Пол: машко ☐ женско ☐**

7. **Одделение: VII ☐ VIII ☐**

8. **Националност:**
   a. **Македонска ☐**
   b. **Албанска ☐**
   c. **Ромска ☐**
   d. **Турска ☐**
   e. **Српска ☐**
   f. **Друго ☐, наведи: _____________________________________**

9. **Дали претходно си учествувал/а во активности поврзани со промовирање или заштита на детски права?**
   **Да ☐ Не☐**

   **Доколку си учествувал/а, наведи ги активностите:**

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

10. **Дали си запознат/а со Конвенцијата за правата на детето?**
    **Да ☐ Не☐**

11. **Дали си бил/а вклучен во некои активности во рамките на училишната организација / вон-наставни активности?**
    **Да ☐ Не☐**

**Доколку да, наведи:**
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
___

**Пријавата заедно со мотивационо писмо доставете ја во педагошко-психолошката служба!**

**Краен рок за пријавување**

**26.09.2023 година.**

**ПРИЛОГ 3: ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ НА ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈА УЧЕНИК ПРАВОБРАНИТЕЛ**

Јас ________________________________(име и презиме), ученик во ____ одделение, изјавувам дека ќе ја вршам функцијата Ученик правобранител во моето училиште во согласност со предвидените обврски, а во постојана комуникација со замениците ученици правобранители, педагошко-психолошката служба како и другите раководни функции во училиштето.

Во ______________

(место и датум)

______________________

(потпис)

**ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ НА ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈА**
**ЗАМЕНИК УЧЕНИК ПРАВОБРАНИТЕЛ**

Јас ________________________________(име и презиме), ученик во ____ одделение, изјавувам дека ќе ја вршам функцијата Заменик Ученик правобранител во моето училиште во согласност со предвидените обврски, а во постојана комуникација со Ученикот правобранител, педагошко-психолошката служба како и другите раководни функции во училиштето.

Во _______________
(место и датум)

_______________________
(потпис)

**ПРИЛОГ 4: КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО НА ЈАЗИК БЛИЗОК ДО ДЕЦАТА**

Член 1 - Секој под 18 години ги има овие права

Член 2 - Сите деца ги имаат овие права, без разлика кои се, каде живеат, што работат нивните родители, на кој јазик зборуваат, која е нивната религија, без разлика дали се момчиња или девојчиња, каква е нивната култура, дали имаат посебни потреби, дали се богати или сиромашни. Ниедно дете не треба да се третира на нефер начин на било која основа.

Член 3 - Сите возрасни треба да го прават она што е најдобро за тебе. Кога возрасните носат одлуки, треба да мислат како тие одлуки ќе влијаат на децата.

Член 4 - Владата е одговорна да обезбеди заштита на вашите права. Таа мора да му помогне на твоето семејство да ги штити твоите права и да овозможи услови за ти да можеш да растеш и да ги постигнеш своите потенцијали.

Член 5 - Твојата фамилија е одговорна да ти помогне да ги практикуваш своите права и да осигура дека твоите права се заштитени

Член 6 - Ти имаш право да живееш.

Член 7 - Ти имаш право на име кое треба да биде признато од Владата. Ти имаш право на државјанство.

Член 8 - Ти имаш право на идентитет – службен документ за тоа кој си. Никој нема право тоа да ти го одземе.

Член 9 - Ти имаш право да живееш со твојот родител(и), доколку тоа не е лошо за тебе. Ти имаш право да живееш во семејство кое се грижи за тебе.

Член 10 - Ако живееш во различна држава од таа каде живеат твоите родители, ти имаш право да бидеш заедно со нив на исто место.

Член 11 - Ти имаш право да бидеш заштитен од киднапирање.

Член 12 - Ти имаш право да дадеш своето мислење, а возрасните да те сослушаат и сериозно да те сфатат.

Член 13 - Ти имаш право да откриваш работи и да споделуваш со другите што мислиш, преку зборување, цртање, пишување и на било кој друг начин, освен ако тоа повредува или навредува други луѓе.

Член 14 - Ти имаш право да ја избереш твојата религија и верување. Твоите родители треба да ти помогнат да одлучиш што е правилно, а што погрешно и што е најдобро за тебе.

Член 15 - Ти имаш право да ги избереш своите пријатели, да се придружиш или да формираш групи се додека со тоа не се повредуваат други.

Член 16 - Ти имаш право на приватност

Член 17 - Ти имаш право да добиваш информации кои се важни за твојата благосостојба од радио, весници, книги, компјутер и други извори. Возрасните треба да осигураат дека информациите не се штетни за тебе и да ти помогнат да најдеш и да ги разбереш информациите кои ти се потребни.

Член 18 - Ти имаш право да те одгледуваат твојот родител(и) ако е тоа возможно.

Член 19 - Ти имаш право да бидеш заштитен од повреди (на телото и на умот).

Член 20 - Ти имаш право на посебна грижа и помош ако не можеш да живееш со твоите родители.

Член 21 - Ти имаш право на грижа и заштита ако си посвоен или ако живееш во згрижувачко семејство.

Член 22 - Ти имаш право на посебна заштита и помош ако си бегалец (ако си бил присилен да го напуштиш својот дом и да живееш во друга држава), како и сите други права од оваа Конвенција.

Член 23 - Ти имаш право на посебно образование и грижа ако имаш хендикеп, како и сите други права од оваа Конвенција за да можеш да имаш целосно исполнет живот.

Член 24 - Ти имаш право на најдобра здравствена грижа, чиста вода за пиење, здрава храна, чиста и сигурна околина и информации кои ќе ти помогнат да бидеш здрав.

Член 25 - Ако живееш надвор од својот дом во згрижувачка установа или други институции имаш право на редовна проверка на условите за да се потврди дека се најсоодветни за тебе.

Член 26 - Ти имаш право на помош од Владата ако си сиромашен или имаш потреби.

Член 27 - Ти имаш право на храна, облека, сигурно место за живеење, и задоволување на основните потреби. Ти не треба да бидеш обесправен и да не го правиш она што го прават мнозинството деца.

Член 28 - Ти имаш право на добро и квалитетно образование. Треба да бидеш поттикнуван да одиш на училиште до највисокото ниво до кое можеш.

Член 29 - Твоето образование треба да ти помогне да ги користиш и развиеш своите таленти и способности. Исто така треба да ти помогне да научиш да живееш во мир, да ја штитиш животната средина и да ги почитуваш другите луѓе.

Член 30 - Ти имаш право да ја практикуваш својата култура, јазик и религија – или кое било од нив. Малцинските и домородни групи имаат потреба од посебна заштита на ова право.

Член 31 - Ти имаш право да играш и да се одмораш.

Член 32 - Ти имаш право на заштита од работа која е штетна за тебе, и не е добра за твоето здравје и образование. Ако работиш, имаш право на заштита и фер заработка.

Член 33 - Ти имаш право на заштита од наркотични средства и од трговија со дрога.

Член 34 - Ти имаш право да бидеш слободен од сексуално злоставување.

Член 35 - На никого не му е дозволено да те киднапира или затвори.

Член 36 - Ти имаш право на заштита од секаков вид на експлоатација.

Член 37 - На никого не му е дозволено да те казнува на суров начин.

Член 38 - Ти имаш право на заштита и слобода од војна. Децата под 15 години не смеат да бидат присилени да одат во војска или да учествуваат во војна.

Член 39 – Ти имаш право на помош ако си повреден, запоставен или малтретиран.

Член 40 – Ти имаш право на правна помош и фер третман во правниот систем кој ќе ги почитува твоите права

Член 41 – Ако законите во твојата земја обезбедуваат подобра заштита на твоите права од она што е напишано во Конвенцијата, тогаш треба да се применуваат законите.

Член 42 – Ти имаш право да ги знаеш твоите права! Возрасните треба да ги знаат твоите права и да ти помогнат да ги научиш.

Член 43 до 54 – Овие членови објаснуваат како владите и меѓународните организации како УНИЦЕФ ќе работат за да обезбедат дека децата и нивните права се заштитени.